**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски**
**– Промоција на поручници, потпоручници и подофицери –**
13.08.2024г. - Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“

Почитувана претседателке и врховен командант на Армијата,
Почитуван министер за спорт,
Почитуван началник на Генералштабот,
Почитуван Декан на Воената Академија,
Почитувани генерали и воени старешини,
Почитувани претставници на воено-дипломатскиот кор
Почитувани, членови на семејствата
Почитувани претставници на медиумите
Драги гости, пријатели,

Денес имам голема чест да застанам пред новите офицери и подофицери кои ќе бидат нова дополнителна сила за зајакнување на капацитетите на Армијата.

Ви честитам за решителноста и успехот со кој започнувате ново поглавје во вашиот живот. Верувам дека патот до тука не беше лесен, исполнет со предизвици, лични жртви и моменти кои се тест за вашата истрајност и посветеност кон армиските вредности.

Вашата денешна промоција е признание за вашиот труд, но и доказ за довербата што ви ја даваме, затоа што вие сте дел од македонската Армијата. Вие сте дел од институцијата со најголема доверба во татковината и дел од систем чија клучна алка сте токму вие и сите ваши колеги.

Додека ги прифаќате вашите нови задачи и цели во службата, запомнете, лидерството не е само авторитет, лидерството е инспирација, давање пример и негување на работна средина во која секој ќе може да напредува, а вие сте повикани да водите со мудрост, храброст, одлучност и да носите одлуки со чесност и интегритет, кои пак ќе ги отсликуваат вредностите што ја дефинираат нашата Армија.

На вашите работни места ќе се соочувате и со различни предизвици, но, јас заедно со вработените во Министерството за одбрана и Генералштабот сме тука за да ви пружиме целосна поддршка.

Заедно ќе работиме и заедно ќе ги надминуваме сите предизвици.

**Офицери и подофицери**,

Ви благодарам за одлуката да и служите на Армијата, на граѓаните и на државата.

Посебно сакам да се заблагодарам на вашите семејствата за нивната поддршка и разбирањето, затоа што беа клучни при ваша определба, до сега, но, и во иднина.

**Почитувани потпоручници од 24-та класа,**

Во изминатиот период се стекнавте со широк спектар на знаења за воената професија благодарение на стручниот кадар од Воената академија „Генерал Михаило Апостолски", чија професионалност е препознатлива и во регионот.

Вашите можности за напредок во кариерата се големи, но тоа повторно ќе зависи од вашата заложба, посветеност и професионалност. Бидете одговорни, следете ги чекорите на вашите колеги, учете од нивното искуство и знаење и јас ви гарантирам дека успехот е неизбежен. Вие сте сега дел од НАТО Армија, а тоа значи дека можностите за вашата надградба се уште поголеми.

Оваа година на нашата Воена академија со прв офицерски чин се стекнуваат и питомци од Црна Гора и Босна и Херцеговина. Тоа ја покажува нашата сериозна посветеност во регионалната стабилност и безбедност. Создадовме човечки капацитети, офицери, кои изминативе 4 години заедно живееја, се едуцираа и обучуваа како да ги совладаат задачите кои им престојат.

Верувам дека и понатаму во животот ќе останете добри пријатели и дека активно ќе соработувате и заеднички ќе придонесувате во зајакнување на мирот, безбедноста и стабилноста во регионот и во Алијансата.

Во оваа прилика би сакал да истакнам дека во наредниот период, имаме шанса, заедно да придонесуваме за уште поголем развој на македонската Армија, а јас како министер ќе се заложам за вложување и развој на човечките капацитети, унапредување на условите за работа, унапредување на стандардот за припадниците на Армијата и модернизација на Армијата.

На самиот крај, уште еднаш ви честитам на сите!

Да продолжиме да ги славиме успесите, стремејќи се кон извонредност, секој во својата служба, со една цел - За татковината!

Да живее Македонија!

Да живее Армијата!

Ви благодарам многу!